Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14 и 148/15), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со седиште на ул.Македонија бр.38, 1000 Скопје, телефон: + 389 2 3103 400, 2 3103 401, contact@avmu.mk, Цветанка Митревска, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2017 до 31.12.2017)

1. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, Цветанка Митревска, службено лице задолжено за посредување на информации,

2. Број на поднесени барања – 11 (единаесет),

3. Број на позитивно одговорени барања – 7 (седум),

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање – 4 (четири) одбиени (со заклучок за прекинување на постапката поради тоа што имателот на информации од јавен карактер не располага со бараната информација од јавен карактер), од кои:

4.1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 12-3780/1 од 24.08.2017 година. од подносителот на барањето со кое се бара информацијата од јавен карактер – "...одговори за следниве точки за електронската публикација „www.kurir.mk", и тоа:

- Фирмата и седиштето, односно назив и адреса на печатен медиум, односно на издавачот на електронската публикација,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум, односно на издавачот на електронската публикација,
- името на весникот, магазинот, односно името на електронската публикација и
- веб страницата на електронската публикација",

поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер, од причина што со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиумите ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/14), изменет е членот 5 од Законот за медиумите[1], со што е укината

[1] "Член 5
Во членот 5 став (1) зборовите: "или на издавање на електронска публикација" се бришат.
Ставот (5) се менува и гласи:
Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи податоци за:
- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот".

надлежноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на електронските публикации.

4.2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 12-3781/1 од 24.08.2017 година, од подносителот на барањето со кое се бара информацијата од јавен карактер – "...одговори за следново:

- Кои електронски публикации се заведени во Регистарот на електронски публикации",

поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер, од причина што со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиумите ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/14), изменет е членот 5 од Законот за медиумите[2], со што е укината надлежноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на електронските публикации.

4.3. . Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под. бр. 12-800/1 од 14.12.2017 година, од подносителот на барањето со кое се бара информацијата од јавен карактер – "Имиња и презимиња на новинари вработени во дневно-информативната редакција, сектор вести, во Трговското радио-дифузно друштво "Сител" во 2010 год., и во 2011 год?", поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер,

и

4.4. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 12-4080/1 од 21.09.2017 година, од подносителот на барањето со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Колку линковски френквенции во фиксна служба поседува Радио Слободна Македонија,
2. За кои сервисни зони се овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
3. Од која точка А до која точка Б се овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
4. Кога се издадени дозволите за овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
5. Копии од сите дозволи за издадените линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија",

поради тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не располага со бараната информација од јавен карактер, со оглед на обврските и надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност, кои се

---

[2] "Член 5
Во членот 5 став (1) зборовите: "или на издавање на електронска публикација" се бришат.
Ставот (5) се менува и гласи:
Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи податоци за:
- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот".

наведени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14 и бр.132/14).

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - /

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата - /

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата - /

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање - /

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање -

10. Број на случаи на молчење на Комисијата - /

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки-/

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции - /

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - /

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - /.

**Скопје, 04.01.2018 година**

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

_______________________
Цветанка Митревска

**Бр. 12-179/1**

**09.01. 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

_______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**